Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/54

З А П И С Н И К

од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за трет сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19

2. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила примена на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај за време на вонредна состојба

3. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност во време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба

6. Информација во врска со справување со нелегалното приредување на игри на среќа од страна на странски приредувачи на интернет игри на среќа на територијата на Република Северна Македонија

7. Предлог - уредба со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија

8. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

9. Информација во врска со Доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија

10. Информација во врска со потребата од издавање на писмо без приговор или no objection letter за Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во Република Северна Македонија

11. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица, за време на вонредна состојба

15. Информација за барање согласност за реализација на постапка за јавна набавка на мебел за потребите на ЈОУДГ Павлина Велјанова-Кочани

16. Информација со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за брзо прилагодување на Ковид окружување, со Предлог - одлука

17. Информација за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на РВ „Студенчица“ Другово, кон ЈП Комуналец Кичево

18. Кадровски прашања

19. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за трет сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19, ја усвои Информацијата и согласно расправата на седницата го прифати третиот сет економски мерки со следните заклучоци:

СТОЛБ 1: ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНИТЕ СО ЦЕЛ СТИМУЛИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА СО ФОКУС НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ И ПОГОДЕНИТЕ СЕКТОРИ
Планирана мерка  Опфат на граѓани  Проценета вредност  Планиран почеток на мерката
Мерка 1.1 Домашна платежна картичка од 9,000 денари за ранливи категории и семејства со помали приходи погодени од COVID-19  ~100,000  1 милијарда денари
(€16,000,000 на COVID-19 во Влада)  јуни - јули

Краток опис на мерката: Со оваа мерка ќе се издава домашна платежна картичка која ќе може да се користи за плаќање на домашни производи и услуги кај погодениите сектори. Граѓаните ќе добијат финансиска поддршка, а преку зголемената потрошувачка ќе ја помогнат економијата и погодените сектори. Средствата ќе може да се искористат во определен период од 30 дена.

Целна група: Невработени лица баратели на работа, кои немаат над 15.000 месечни приходи, како и примателите на гарантирана минимална помош.

Согласно ова:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата да формира работна група со претставници од Народната банка на Република Северна Македонија, со цел подготовка на оперативен план за реализација на домашната платежна картичка, во рок од една недела.

2. Се задолжува Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, во соработка со Народната банка на Република Северна Македонија да најде начин за поврзување на фискалните каси со ПОС терминалите како би се процесирале преку ПОС терминалите наплатите на фискалните сметки кои содржат само македонски производи во супермаркетите и продавниците за продажба на храна, во рок од две недели.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Народната банка на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, со цел подготовка на детален план за таргетирање и оперативно решение за таргетирањето, во рок од една недела.

На П1 КОВИД програмата во Влада се буџетирани 8,9 милијарди денари од каде ќе се финансира оваа мерка

Мерка 1.2 Поттикнување на домашен туризам преку ваучери од 6,000 денари за граѓаните + домашна платежна картичка од 3,000 денари ~100.000 ~1 милијара денари
(€16,000,000
- од кои €11 милиони МЕ + €5 милиони Влада) јуни - јули
Краток опис на мерката: За да се поддржи домашниот туризам, со оваа мерка ќе се издаваат ваучери на таргетирана категорија на граѓани од вредност од 6,000 денари, кои граѓаните ќе може да ги искористат за сместувања и патувања дома, како и дополнително платежна домашна платежна картичка во вредност од 3,000 денари.

Целна група: Сите вработени лица со ниски месечни примања (до 15,000 денари месечно) кои што немаат други приходи по Годишна даночна пријава.

Согласно ова, се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Управата за јавни приходи и Генералниот секретаријат на Владата, со цел подготовка на детален план за таргетирање и подготовка на оперативно решение за реализација и спроведување на Мерката за ваучерите за туризам, во рок од една недела.

На П1 КОВИД програмата во Влада се буџетирани 8,9 милијарди денари од каде ќе се финансира делот од оваа мерка за домашната платежна картичка;

На П1 КОВИД програмата во Министерство за економија се буџетирани 755 милиони денари од каде ќе се финансира делот од оваа мерка за ваучерите за туризам.

Мерка 1.3 Ваучери за млади до 29 години со фокус на дигиталнии и ИТ вештини + домашна платежна картичка за млади од 3,000 денари
100,000 738 милиони денари
(€12,000,000 - од кои €6,6 милони МОН + €5 милиони Влада) јуни - јули
Краток опис на мерката: Со оваа мерка ќе се помогнат младите со посебен фокус на ИТ вештини и дигитални вештини со цел зголемување на нивната конкурентност на пазарот на труд согласно потребите и дигиталната економија. Оваа мерка ќе опфати три продукти:

- Ваучери за 50% ко-финансирање за обуки/академии за ИТ и дигитални вештини, а максимум до 30,000 денари кофинансирање на обуката/академијата/курсот;
- Ваучери за студенти и средношколци кои доаѓаат од семејства со ниски приходи во максимален износ до 6,000 денари, а кои ќе бидат наменети за покривање на партиципација за студирање на универзитетите, сместување во студентски/ученички домови како и приватно сместување;
- Домашна платежна картичка за млади од 3,000 денари која ќе се користи за таргетирани услужни дејности според шифра на дејност (најпогодени од COVID-19).

Согласно ова, се задолжува Министерството за образование и наука да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, Агенцијата за млади и спорт, заедно со Генералниот секретаријат на Владата, со цел да подготват оперативно решение за реализација и спроведување на мерката за ваучерите за образование во рок од една недела.

На П1 КОВИД програмата во Влада се буџетирани 8,9 милијарди денари од каде ќе се финансира делот од оваа мерка за домашната платежна картичка;
На П1 КОВИД програмата во МОН се буџетирани 405 милиони денари од каде ќе се финансира делот од оваа мерка за ваучерите студенти и млади.

Мерка 1.4 Награда за докторите и медицинскиот персонал на инфективните клиники и одделенија 3,000 50.000 милиони денари
(€813,000) јуни - јули
Краток опис на мерката: Награда во износ од 20% од основната плата за 2 месеци за докторите и медицинскиот персонал на инфективните клиники и одделенија, Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, Институтот за јавно здравје и центрите за јавно здравје, како и сите членови на тимовите од итната медицинска помош, која ќе биде исплатена преку домашна платежна картичка.

Согласно ова, се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика да подготват план за реализација.

На П1 КОВИД програмата во МТСП се буџетирани 1,78 милијарди денари од кои 350 милиони денари се планирани за ФЗОМ (со заем од Светска банка) од каде ќе се финансира оваа мерка.

Мерка 1.5 Надомест за невработеност за лицата кои го изгубиле работното место поради COVID-19 7,000 до 8,000 150 милиони денари
(€2,500,000) мај - јуни
Краток опис на мерката: Со оваа мерка се дава можност за исплата на паричен надоместок за времетраење од два месеци на лицата кои го изгубиле работното место во период од 11-ти март до 30-ти април по основ на спогодбен престанок на работниот однос, престанок на работниот однос со отказ од страна на работодавачот или отказ од страна на работникот.

Согласно ова, се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и достави до Владата Предлог-уредба во рок од една недела.

На П1 КОВИД програмата во Министерството за труд и социјална политика се буџетирани 1,78 милијарди денари од кои 150 милиони денари се планирани за АВРМ (со заем од Светската банка) од каде ќе се финансира оваа мерка.
Мерка 1.6 Македонски викенд шопинг со МојДДВ Н/А септември
Краток опис на мерката: Со оваа мерка се планира да се овозможи на неколку најпогодени сектори од COVID-19 да се организира можност за викенд купување на производи и да се добие поголем поврат на ДДВ од сегашниот модел. Оваа мерка ќе стимулира раст на купување македонски производи и услуги и со тоа зголемени приходи кај домашните компании погодени од COVID-19 кризата. Целата интервенција се планира да се реализира преку софтверското решение МојДДВ.

Согласно ова, се задолжува Министерство за финансии да формира работна група со претставници од Управата за јавни приходи, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерство за економија со цел да разработи предлог-решение за Мерката, во рок од еден месец.

СТОЛБ 2: ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ПОДДРШКА ЗА ЛИКВИДНОСТА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ФАЗАТА НА ОПОРАВУВАЊЕ И РЕСТАРТИРАЊЕ

Планирана мерка Опфат на компании Проценета вредност Планиран почеток на мерката

Мерка 2.1 Бескаматни кредити со 30% грант компонента за микро и мали претпријатија (ММП) преку Развојна банка на Северна Македонија 2,000 1,9 милијарди денари (€31,000,000)

- национално кофинансирање 60 милиони денари буџетирани на КОВИД програма во МЕ септември

Краток опис на мерката: Ќе се воведе нова безкаматна кредитна линија која ќе биде лансирана со грант средства од Европската Унија. Кредитната линија ќе биде отворена за сите микро и мали компании, а истата ќе понуди 30% грант за компаниите кои се водени или основани од жена, кои вработуваат млади лица, кои се извозно ориентирани или кои ќе воведат иновации, дигитализација и е-трговија во нивното работење.

Согласно ова, се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Развојната банка на Северна Македонија, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да подготви план за реализација и спроведување на Мерката, во соработка со Делегацијата на Европската Унија.

На П1 КОВИД програмата во Министерство за економија се буџетирани 755 милиони денари, од кои 60 милиони денари се наменети за национално ко-финансисрање за оваа мерка. 30 милиони евра ќе се обезбедат преку Делегацијата на Европската Унија како дел од performace award.

Мерка 2.2. Државна гарантна шема преку Развојната банка Н/А Вредност на гарантирани нови заеми до 9 милјарди денари
(€150,000,000) септември - октомври

Со оваа мерка се предвидуваат два нови производи, со кои ќе се поддржат компаниите:

- Државна гаранција за комерцијални кредити за поддршка на приватниот сектор преку комерцијални банки (со 10 милиони евра иницијален капитал може да се гарантираат над 65 милиони евра нови заеми за мали и средни претпријатија, под претпоставка дека нивото на покриеност е 50%);

Краток опис на мерката: Со државните кредитни гаранции, државата нуди дополнителна можност за полесен пристап до финансиски средства за поддршка на приватниот сектор, преку преземање на дел од кредитниот ризик. Средствата ќе бидат пласирани преку комерцијалните банки.

- Гарантна шема преку Развојна банка на Северна Македонија - Царинска гаранција за обезбедување на царинскиот долг, со 3 милиони државна гаранција би се гарантирале 25 милиони евра;

Краток опис на мерката: Со цел поддршка на извозот и олеснување на пристапот до суровини за преработка, преку Развојна банка на Северна Македонија, ќе се обезбедуваат царински гаранциии за обезбедување на царинскиот долг, за поддршка на приватниот сектор во износ од околу 25 милиони евра.

Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да формира работна група со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Развојна банка на Северна Македонија и Народна банка на Република Северна Македонија, со цел да се подготви анализа и план за реализација на Мерката во рок од два месеци.

За оваа мерка не се буџетирани средства со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредна состојба, а државната гарантна шема ќе се разработува во следниот период до септември-октомври и почетниот капитал ќе се обезбеди со трансфер од Владата од КОВИД програмата или со евентуална одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетскте корисници и фондовите или дополнувања и изменувања на Буџетот.

Мерка 2.3 Финансиска поддршка за приватниот сектор, економијата и индустријата Н/А 1,5 милјарди денари

(€25,000,000) јуни - декември

Краток опис на мерката: Програма за зајакнување на конкурентноста на компаниите и индустријата, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции или со посебна програма да се помогнат компаниите кои ќе ги изгубат пазарите за повторно освојување на пазарите-зголемување на нивната конкурентност, модернизација на процесите, зголемување на продуктивноста и слично.

Дополнително, Владата ќе ја забрза динамиката за исплата на финаниската поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, со цел да вбризга ликвидност која му е потребна на приватниот сектор.

Согласно ова:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да подготви информација до Владата за реализација на Мерката за поддршка на работодавачите заради исплата на плати за месец април и мај и да ја известува Владата на месечна основа.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, Канцеларијата на претседателот на Владата, Генералниот секретаријат на Владата и Министерството за економија, за следење на состојбите со економијата и формирање на соодветни предлог решенија за пост-корона периодот.

На П1 КОВИД програмата во Влада се буџетирани 8,9 милијарди денари од каде ќе се финансираат мерките за поддршка на приватниот сектор.

Мерка 2.4 Модернизација и нови пазари Н/А 60 милиони денари (€1,000,000) септември - октомври
Краток опис на мерката: Оваа мерка предвидува креирање на платформа (Marketplace) за одбрани индустрии со фокус на текстилна и чевларската индустрија и производство на мебел и ПВЦ производи - на која домашните компании ќе може да ги нудат и пласираат своите производи на странските пазари и преку алтернативен начин на продажба со што ќе се креира додадена вредност и зголемување на конкурентноста.

Согласно ова, се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии и да подготви детален план со оперативно решение за реализација и спроведување на Мерката во рок од две недели.

Оваа мерка би можела да се финансира со донаторски средства и проект или од П1 КОВИД програмата во МЕ каде се буџетирани 755 милиони денари.

Мерка 2.5 Програма за Бизнис развојни услуги Н/А 100 милиони денари (€1,600,000) јуни - октомври
Краток опис на мерката: Поддршка за Старт ап компании и мали и средни претпријатија за воведување на нови процеси, иновации, освојување на нови пазари, дигитализација и зголемување на конкурентност. Се предвидува стартување на концептот на Старт Ап села како хаб во кои што ќе се развива еко-системот на старт ап во Република Северна Македонија.

Согласно ова, се задолжува Министерството за економија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата да формира работна група со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии со цел да подготви план со оперативно решение за реализација и спроведување на Мерката во рок од две недели.

На П1 КОВИД програмата во Влада се буџетирани 8,9 милијарди денари од каде ќе се финансира оваа мерка.
Мерка 2.6 ТР Инструмент за брзо прилагодување (ММСП дигитализација 3.0) Н/А 200 милиони денари
(€3,300,000) јуни - септември
Краток опис на мерката: Да се обезбеди првична развојна поддршка на домашни компании со track record и потенцијал за успешно работење преку финансиска поддршка за брзо прилагодување.

Согласно ова, се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој да предолжи оперативно решение за реализација и спроведување на Мерката во рок од две недели.

Оваа мерка ќе ја реализира Фондот за иновации и технолошки развој во рамки на својот буџет.
Мерка 2.7 Кофинансирање на настани и конференции со 50% финансиска поддршка од државата, а до максимален износ од 30,000 денари ~200 15 милиони денари
(€245,000) јуни - јули
Краток опис на мерката: Со цел да се помогне на домашните хотели и капацитети преку оваа програма државата ќе овозможи субвенцнии за ко-финансирање (matching funds) на трошоците за организација на настани, обуки и конфенреции. Компанијата барател на поддршка ќе треба да ја реализира исплатата кон хотелот или капацитетот за организација на настани во рок од 60 дена. На овој начин ќе се поддржи ликвидноста на овие компании.

Согласно ова, се задолжува Министерството за економија да предложи оперативно решение за реализација и спроведување на Мерката во рок од една недела.

На П1 КОВИД програмата во Министерство за економија се буџетирани 755 милиони денари од кои 15 милиони денари ќе се наменат за реализација на оваа мерка.

СТОЛБ 3: ДИРЕКТНА ПОДДРШКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Планирана мерка Опфат на компании Проценета вредност: Планиран почеток на мерката:
Мерка 3.1 Поддршка на аграрниот сектор преку Развојната банка на Северна Македонија Н/А 307 милиони денари
(€5,000,000) мај - декември
Краток опис на мерката: Кредитни линии со поволни услови наменети за поддршка на микро, малите и средните претпријатија кои вршат примарно производство, преработувачите и извозот на примарни и преработени земјоделски производи.

Согласно ова, се задолжува Развојната банка на Северна Македонија да ја известува Владата еднаш месечно за реализацијата на оваа мерка.

Оваа мерка е веќе активна преку Развојната банка на Северна Македонија, а условите беа олеснети со последната измена на Одлуката на 18.04.2020 година - средствата се обезбедени и се на располагање за користење на Развојната банка на Северна Македонија.

Мерка 3.2 Платежни картички со субвенции за набавка на гориво за нивната механизација Н/А 280 милиони денари

(€4,600,000) мај - декември
Краток опис на мерката: 50.000 земјоделци ќе добијат платежни картички со субвенции за набавка на гориво за нивната механизација. По ланското субвенционирање од 30% на потрошувачката на нафта, оваа година субвенцијата се зголемува на 50%.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да продолжи со реализација и спроведување на Програмата.

За реализација на Програмата во буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој планрани се 280 милиони денари.
Мерка 3.3 Поддршка на преструктуирање на производство на нови продукти во преработката на грозје Н/А 215 милиони денари
(€3,500,000) септември - декември
Краток опис на мерката: По примерот на многу западно европски држави, со државни финансиски инструменти ќе ги стимулираме преработувачите на грозје (винарии) да произведуваат алкохолен дестилат кој подоцна ќе биде искористен од домашните хемиски компании за производство на средства на дезинфекција, потребни за превенција од COVID-19. Сегашните проекции се дека неоткупената количина на грозје би се движела од 20–40 милиони килограми.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви предлог за реализација и спроведување на Мерката во рамки на сопствениот буџет и да ја извести Владата во рок од еден месец.

За релизација на оваа мерка Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги види можностите за имплементација во рамки на сопствениот буџет.

Мерка 3.4 Овозможување на соработка на јавниот и приватниот сектор, преку моделирање на јавни приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор Н/А Нема импликации на расходна страна на буџет септември - декември
Краток опис на мерката: Овие сектори ќе бидат предмет на државен интерес за нивно понатамошно уште посилно развивање како земјоделски гранки кои бележат константен пораст на извозните параметри. Детектирани се капацитети кои можат да бидат реставрирани и модернизирани и крајно ставени во функција во производство на преработки од тутун и грозје. Оваа стратешка определба ќе донесе голем бенефит, првенствено за македонските лозари и тутунари, но и за самата држава и бруто-домашниот производ. На краток рок, очекувањата за инвестициите треба да достигне 10 милиони евра.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата и да подготви план за реализација на Мерката во рок од еден месец.
Мерка 3.5 Реформа за ефикаснот во користење на пасиштата

Н/А Нема импликации на расходна страна на буџет септември - декември

Краток опис на мерката: Со оваа мерка се овозможува издавање на пасиштата на долгорочен закуп со што сточарите ќе имаат на располагање околу 500,000 хектари пасишта за напасување на добитокот.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата и да подготви детален план за реализација на мерката во рок од еден месец.

Мерка 3.6 Окрупнување на земјоделско земјиште – нова можност за поголема конкурентност Н/А Нема импликации на расходна страна на буџет септември - декември

Краток опис на мерката: основна заложба е да се стави во функција целокупното земјоделско земјиште и да се охрабри домашното земјоделско производство и инвестициите во аграрот. Очекувани приходи во среден рок од 3 години 250 милиони евра.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата и да подготви план за реализација на Мерката во рок од еден месец.

Мерка 3.7 Финансирање на микро земјоделски субјекти
185 милиони денари
(€3,000,000) септември - декември

Краток опис на мерката: Со цел финансирање на старт ап семејни винарии и фарми регистрирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство за да добијат можност да аплицираат за грантови до 10,000 евра за опрема за преработка и маркетинг на растителни, месни и млечни производи.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата и да подготват план за реализација и спроведување на Мерката во рок од еден месец.

За релизација на оваа мерка Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги види можностите за имплементација во рамки на сопствениот буџет.

Мерка 3.8 Модернизација на земјоделството Н/А 3,1 милјарди денари (€50,000,000 вкупна вредност на проектот) август - декември

Краток опис на мерката: Преку проект од 50 милиони евра со заем од Светска банка ќе се изградат два откупно-дистрибутивни центри и една модерна Агри Хаб Платформа која ќе има за цел да ги поврзе младите претприемачи, социјалното

претприемништво и земјоделците со цел креирање на финални производи со додадена вредност за домашниот пазар и за извоз.

Согласно ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви план за започнување на проектот.

Проектот ќе започне со реализација по усвојување на Законот за задолжување со заем кај Светската банка, по формирање на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со справување со нелегалното приредување на игри на среќа од страна на странски приредувачи на интернет игри на среќа на територијата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено Владата го задолжи Министерството за финансии да ги преземе сите потребни дејствија за справување со нелегалното приредување на игри на среќа од страна на странски приредувачи на интернет игри на среќа (без лиценца) на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Предлог- уредбата со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, поради потребата предлагачот да одржи координативна средба со претставници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Комисијата за заштита на конкуренцијата, со цел усогласување на текстот на Предлог- уредбата.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со изменета Тендерска документација, ја усвои Информацијата и го донесе следниот заклучок:

- Ја одобри измената на Тендерската документација за првата фаза од постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со која рокот за доставување на пријавите за учество во Конкурентен дијалог се продолжува до 10.08.2020 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ја дополни содржината на Информацијата со податок за рокот за доставување на пријавите за учество во Конкурентен дијалог од основната Тендерска документација.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од издавање на писмо без приговор или no objection letter за Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во Република Северна Македонија, ја усвои и ја овласти Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд- Focal Point, да го потпише писмото без приговор или no objection letter за Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во Република Северна Македонија, и во рок од една недела истото да го достави до Светската банка и Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог- уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица, за време на вонредна состојба.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за барање согласност за реализација на постапка за јавна набавка на мебел за потребите на ЈОУДГ Павлина Велјанова-Кочани, ја усвои и даде согласност за реализација на постапката за јавна набавка на мебел за потребите на ЈОУДГ Павлина Велјанова-Кочани.

**Точка 16**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за брзо прилагодување на КОВИД окружување, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да ја усогласи истата со Секретаријатот законодавство и Министерството за економија и Министерството за образование и наука да достават мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на РВ „Студенчица“ Друговo, кон ЈП Комуналец Кичево, за наредната седница на Владата, поради потребата истата претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 18**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 19**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска